| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Мама се радува |
| **Содржина на денот** | Честитка за мама |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Марија Галевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и усојување на хигиенски навики по користење на ликовен прибор. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор за значењето на ликот на мајката (како се вика, опишете го нејзиниот изглед, што работи мама, како се грижи за семејството, која е нејзината улога во семејството и сл.).<br>Потоа предложете му на детето заедно да изработите „Честитка за мама" (честитка за 8 ми Март).<br>За честитката ќе ви биде потребно: хартија во боја, темперни бои, сад за темперни бои (може и хартиена или пластична чинија), самолеплива хартија или пак цветчиња направени од сунѓер со кои ќе печатите цветчиња.<br>Со Ваша помош изработете ја честитката, така што хартијата во боја ќе ја превиткате на половина, во садот или чинијата ќе ставите  зелена темперна боја и со дланката на детето ќе направите отпечаток на честитката ( дланката ќе претставува стебло со ливчиња), потоа од готови форми од самолеплива хартија исецкајте цветчиња и залепете ги на врвот  на прстите или пак исецкајте форми на цветчиња од сунѓер и оставете отпечаток цветче на врвот на прстите. Поттикнете го детето да ви каже со која боја сака да ги печатите цветчињата, изборот нека биде на детето, воедно ќе ги именувате и боите во текот на изработката на честитката.<br>Активноста завршете ја со слушање на песната „Мама цвет"<br>- Линк во прилог од песната „Мама цвет" –Калинка 2012год.<br>- https://www.youtube.com/watch?v=xuAgNzurTWE |